РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Бр. 04-1305/1
25.02.2025

Врз основа на член 67 став (5) од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.248/23), член 11 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) и член 21 од Етичкиот кодекс на Службата на Собранието на Република Северна Македонија број 01-552/1 од 29.01.2025 година, а во врска со Извадокот бр.1 од точката 27 (Годишен извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2023 година) содржана во Извадокот од Нацрт - записникот од Триесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 10 декември 2024 година, заведен под број 41-6770/3 од 10.12.2024 година, генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за назначување повереник за етика

1. Собранискиот службеник **Елена Доцевска Божиновска,** распоредена на работно место со звање: Собраниски државен советник за политички систем, **се назначува за повереник за етика** во Собранието на Република Северна Македонија.
2. Собранискиот службеник од точка 1 од ова решение, како повереник за етика:
   - ја следи примената на Етичкиот кодекс на Службата на Собранието на Република Северна Македонија;
   - ги прима пријавите за неетичко однесување и постапување на вработените;
   - го промовира етичкото однесување во меѓусебните односи помеѓу вработените;
   - ги прима пријавите за неетичко однесување и постапување на вработените и во рок од седум дена ги проследува до Етичкиот комитет;
   - води евиденција за примените пријави за неетичко однесување;
   - ја преиспитува основаноста на пријавата за неетичко однесување и доставува извештај до Етичкиот комитет;
   - соработува со Етичкиот комитет;
   - должен е да поведе постапка за испитување на основаност на пријавата за неетичко однесување и постапување на вработените и да подготви предлог одговор на пријавата;
   - подготвува и доставува извештај, заедно со прилог докази (изјави и сл.), како и предлог одговор на пријавата, до Етичкиот комитет согласно Етичкиот кодекс на Службата на Собранието на Република Северна Македонија и
   - врши други активности кои произлегуваат од Етичкиот кодекс на Службата на Собранието на Република Северна Македонија.
3. Повереникот за етика не може да биде повикан на одговорност, ниту доведен во неповолна положба во однос на другите вработени, заради извршување на оваа должност. За време на постапката за испитување на основаноста на пријавата, доколку е потребно повереникот за етика може да биде ослободен од редовните работни обврски.
4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Образложение**

Со Заклучокот бр.1 од точката 27 (Годишен извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2023 година) содржана во Изводокот од Нацрт - записникот од Триесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 10 декември 2024 година, заведен под број 41-6770/3 од 10.12.2024 година, сите буџетски корисници од прва линија од областа на законодавната, извршната и судската власт (централната) власт и фондовите, се задолжени да донесат сопствен Етички кодекс или да го ажурираат постоечкиот доколку има потреба, во кој меѓудругото, ќе биде утврден начинот на постапување со пријавените случаи на неетичко однесување, ќе назначат повереник за етика и основаат Етички комитет.

Согласно одредбите од член 21 од Етичкиот кодекс на Службата на Собранието на Република Северна Македонија, генералниот Секретар на Собранието на Република Северна Македонија назначува повереник за етика во Собранието. Повереникот за етика се назначува од редот на вработените и е лице кое поседува личен интегритет, углед во институцијата и високи морални вредности.

Со одредбите од член 22 од Етичкиот кодекс на Службата на Собранието на Република Северна Македонија се пропишани задачите на повереникот за етика.

Со одредбите од член 23 и член 24 од Етичкиот кодекс на Службата на Собранието на Република Северна Македонија е пропишано постапувањето по поднесена пријава од страна на повереникот за етика и се пропишува заштитата на повереникот за етика.

Имајќи го предвид сето погоренаведено, **се одлучи како во диспозитивот на ова решение.**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поднесе приговор до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена, сметано од денот на приемот на истото.

**Генерален секретар,**
**Марина Димовска**

Доставено до:
- Именуваните;
- Сектор за управување со човечки ресурси;
- Архива.

Изработил: Ана Сиљаноска